РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-348/3
27-07-2021

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 50-тата седница одржана на ден 21.07.2021 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на __________, поранешен Министер за ________________ во Владата на Република Северна Македонија СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-2126/1 од 29.03.2019 година.

Предметот со број 08-2126/1 од 29.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-2126/1 од 29.03.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а по донесен заклучок на ДКСК на седницата одржана на ден 27.03.2019 година да се изврши проверка на податоците за имотната состојба на _____________, поранешен Министер ________________ во Владата на Република Северна Македонија.

ДКСК, од страна на Министерството за внатрешни работи побара податоци (ЕМБГ) за лицата кои ______________ ги навел во анкетниот лист како членови на семејството кои живеат во заедничко домаќинсто и кои поседуваат имот.

Од страна на Министерството за внатрешни работи доставени се бараните податоци.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ______________ и за имотот на членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија како и од банките и штедилниците во Република Северна Македонија.

ДКСК, исто така, со допис број 08-2126/58 од 04.12.2020 година, побара од Управата за финансиска полиција, во рамките на нејзините законски надлежности, да изврши проверка на лицето и на членовите на неговото семејство.

Управата за финансиска полиција со допис број 11-518/20 од 25.09.2020 година, ја извести ДКСК дека од страна на Управата, за лицето ______________, неговата ______________________ и__________________, обезбедени се податоци од релевантните институции заради утврдување на фактичката состојба, при што од извршените проверки и анализа на обезбедената документација утврдено е дека наведеното лице во периодот на вршење на функцијата Министер за ________________ во Владата на Република Северна Македонија не се стекнало со несразмерно зголемен имот и од извршениот увид во целокупната обезбедена документација не се констатирани основи на сомнение за сторено кривично дело од надлежност на Управата за финансиска полиција.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од наведените институции како и по разгледување на известувањето од Управата за финансиска полиција, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: А.Ч., рак.на одделение
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**